КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА
АД СКОПЈЕ
Бр. 02-100-4711/1
02. 12. 2019 год.
СКОПЈЕ

# ПРАВИЛА НА НАГРАДНАТА ИГРА

*„Бесконтактно плати и награда фати"*

Согласно Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија" бр.24/11, 51/2011, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/16) се утврдуваат следните правила на наградната игра:

## Член 1

## ОРГАНИЗАТОР

Организатор на наградната игра *„Бесконтактно плати и награда фати"* (во понатамошниот текст „Наградна игра") е Комерцијална банка АД Скопје, со седиште во Скопје, ул.„Орце Николов" бр.3, 1000 Скопје (во понатамошниот текст: „ОРГАНИЗАТОР"/„Банка").

## Член 2

## ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ

Наградната игра има за цел рекламирање на производите за физички лица од програмата на Maestro® и Mastercard®, и тоа:

- Maestro® дебитна картичка
- Mastercard® Debit дебитна картичка
- Mastercard® Debit World дебитна картичка
- Mastercard® Standard кредитна картичка
- Mastercard® Revolving кредитна картичка
- Mastercard® SP Co-branding кредитна картичка
- Mastercard® Skopje City Mall кредитна картичка
- Mastercard® Wizz Air кредитна картичка
- Mastercard® Platinum Standard кредитна картичка
- Mastercard® Platinum Revolving кредитна картичка,

како и мобилната апликација за бесконтактни плаќања KomPay, издадени од ОРГАНИЗАТОРОТ.

## Член 3

## ОФИЦИЈАЛНО ИМЕ И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА

Официјалното име на Наградната игра е *„Бесконтактно плати и награда фати"*.

Наградната игра ќе започне од 09.12.2019 и ќе трае до 12.01.2020 година.

## Член 4

## ПРАВО НА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА

Квалификувани за учество во Наградната игра се сите полнолетни физички лица - државјани на Република Северна Македонија (лица со и над 18-годишна возраст), кои се корисници на картичките за физички лица од Maestro® и Mastercard® (кои се овозможени

за бесконтактно плаќање преку картичката или дигитализирани преку мобилната апликација за бесконтактни плаќања KomPay) издадени од ОРГАНИЗАТОРОТ, наведени во член 2, а кои на денот на подигнување на наградата немаат достасани, а неподмирени обврски кон ОРГАНИЗАТОРОТ кои произлегуваат од користењето на горенаведените производи.

Право на учество во наградната игра немаат лицата вработени кај ОРГАНИЗАТОРОТ (вклучувајќи ги и нивните потесни семејства, и тоа: родител, дете, брат, сестра и брачен/вонбрачен другар).

Лицата од ставот 1 од овој член, за секоја поединечна трансакција во износ од најмалку 200,00 денари, искнижена од страна на ОРГАНИЗАТОРОТ како промет во трговија во периодот од 09.12.2019 до 12.01.2020 година, добиваат:

- Една референца (еден код) за партиципација за учество во Наградната игра за секоја бесконтактна транскација со картичката во трговија во земјата,
- Две референци (два кода) за партиципација за учество во Наградната игра за секоја бесконтакна транскација направена преку мобилната апликација за бесконтактни плаќања KomPay во трговија во земјата.

**Член 5**

**ТЕРИТОРИЈА**

Наградната игра се организира за физички лица - корисници на картички од брендот Mastercard® и Maestro® од ОРГАНИЗАТОРОТ, а се спроведува на сите продажни места во Република Северна Македонија, каде се прифаќаат картичките со технологија за бесконтактни плаќања од горенаведениот бренд.

**Член 6**

**ПОДАТОЦИ ЗА НАГРАДИ**

Количините на наградите од Наградната игра се ограничени и нема да бидат доделени повеќе награди од оние кои се претходно определени. Вкупната вредност на наградниот фонд изнесува **2.147.000,00 денари.**

**Член 7**

**НАГРАДИ ОД НАГРАДНАТА ИГРА**

Во Наградната игра ќе бидат доделени следните награди:

| **Награди** | **количина** | **поединечна вредност** | **вкупна вредност** |
|---|---|---|---|
| Toyota Corolla HB 5D 1.8 CVT HSD EXECUTIVE 1.8 / **главна награда** | **1** | **1.240.000,00** | **1.240.000,00** |
| Samsung Note 10 / 1 награда неделно | **5** | **54.000,00** | **270.000,00** |
| Notebook HP Pavilion i7 / 1 награда неделно | **5** | **46.500,00** | **232.500,00** |
| Hamachi ET A11 GTS pro елект. тротинет /1 награда неделно | **5** | **25.900,00** | **129.500,00** |
| City mall гифт кард вредност 5000 ден /5 награди неделно | **25** | **5.000,00** | **125.000,00** |
| City mall гифт кард вредност 3000 ден /10 награди неделно | **50** | **3.000,00** | **150.000,00** |
| Вкупен награден фонд | **91** | | **2.147.000,00** |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ СКОПЈЕ

## Член 8

## МЕХАНИЗАМ ЗА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА

Лицата од член 4 став 1, квалификувани за учество во Наградната игра, за секоја поединечна трансакција од најмалку 200,00 денари искнижена од страна на ОРГАНИЗАТОРОТ како промет во трговија во периодот од 09.12.2019 до 12.01.2020 година, користејќи го било кој производ на Банката наведен во член 2, поединечно, добиваат по еден код со кој учествуваат во Наградната игра доколку трансакцијата е направена бесконтактно со картичка, а доколку трансакцијата е направена со помош на KomPay добиваат два кода со кои учествуваат во Наградната игра.

Под промет во трговија се подразбираат сите бесконтактни трансакции наведени во став 1 од овој член, направени од страна на корисникот на картичката и/или од страна на корисниците на дополнителните картички поврзани со единствената сметка на корисникот, на продажните места во Република Северна Македонија. Во прометот во трговија не влегуваат исплати на готовина од банкомат, банкарски шалтери, членарини, провизии, сторнирани трансакции и E-commerce трансакции.

Трансакциите извршени од корисниците на дополнителните картички поврзани со единствената сметка на корисникот на картичката се евидентираат во корист на корисникот на картичката, за целите на Наградната игра.

За секоја трансакција од најмалку 200,00 денари, корисниците ќе добиваат соодветен код кој ќе биде составен од цифри, кој ќе биде истакнат на месечните изводи, како и на посебни печатени извештаи достапни на корисниците преку шалтерите на Банката. Кодовите не смеат да се повторуваат.

Со секој поединечен код, корисниците учествуваат во извлекување на неделните награди кои ќе бидат доделени за трансакции направени во соодветната седмица. Сите недобитни кодови од неделните извлекувања, ќе учествуваат во извлекувањето на главната награда.

## Член 9

## ВЕРИФИКАЦИЈА НА КВАЛИФИКУВАНОСТ И ПРАВО НА УЧЕСТВО

Наградата ќе биде доделена само ако учесниците се квалификувани, имаат право на учество и ако целосно ги почитуваат Правилата на Наградната игра.

## Член 10

## ДАНОЦИ, ЗАМЕНИ, ПРЕНОС И ОДГОВОРНОСТ КОН НАГРАДАТА

ОРГАНИЗАТОРОТ е одговорен за пресметка и плаќање на - данок на личен доход согласно Законот за данок на личен доход.

ОРГАНИЗАТОРОТ не е одговорен за техничките неисправности поврзани со наградата, настанати по нејзиното подигнување. За оние награди за кои производителот предвидел гаранција, таа почнува да тече од моментот кога Банката ја презела наградата и таа се пренесува на добитникот, согласно рокот предвиден во истата. Банката не презема никаква дополнителна одговорност врзано со дефинираната гаранција на наградата.

## Член 11

## КОРИСТЕЊЕ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Со самото исполнување на условите за учество во наградната игра, секој учесник ги прифаќа правата и обврските дефинирани со овие правила и се согласува:

- За целите на наградната игра да се обработуваат следните лични податоци:
    - Име и презиме;

    - Адреса;
    - Број на картичка
- Доколку е добитник на некоја награда, да се објават на веб-сајтот и на официјалната Facebook страна на Банката следните лични податоци:
    - Име и презиме,
    - Град на живеење;
- Да биде писмено известен на последната доставена адреса во Банката дека е добитник на некоја награда;

ОРГАНИЗАТОРОТ по претходно добиена писмена согласност од добитниците на некоја од наградите, има право личните податоци, име, презиме, град на живеење, фотографии, продуциран видео материјал, без финансиски надоместок да ги користи во своите идни маркетинг активности исклучиво за промоција на наградната игра.

Добитникот со писмен допис има можност во секое време да ја повлече претходно дадената согласност.

**Член 12**

**ОТКАЖУВАЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА**

ОРГАНИЗАТОРОТ има право да ја откаже Наградната игра во било која фаза, по добивање на одобрение од Министерството за финансии со известување до јавноста преку дневниот печат, веб сајтот на ОРГАНИЗАТОРОТ или преку социјалните мрежи, доколку настапи штетна последица предизвикана со кривично дело или поради делување на виша сила.

**Член 13**

**ОТСТРАНУВАЊЕ НА СПОРОВИТЕ ЗА НАГРАДНАТА ИГРА КОИШТО БИ МОЖЕЛЕ ДА НАСТАНАТ**

Евентуално настанатите спорови помеѓу ОРГАНИЗАТОРОТ и учесниците во Наградната игра ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

**Член 14**

**ИЗВЛЕКУВАЊЕ НА НАГРАДИТЕ**

**Извлекувањето на наградите ќе се врши еднаш неделно со почеток во 12:00 часот, во просториите на Комерцијална банка АД Скопје, на адреса ул.„Орце Николов" бр. 3, 1000 Скопје, согласно следниот распоред:**

| Ред. бр. | Датум | Добитник | Резервен | Добивка износ | Опис |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **18.12.2019** | 1 | 1 | 54.000 | Samsung Note 10 |
| | | 1 | 1 | 46.500 | Notebook HP Pavilion i7 |
| | | 1 | 1 | 25.900 | Hamachi ET A11 GTS pro елект. тротинет |
| | | 5 | 5 | 5.000 | City mall гифт кард вредност 5000 ден |
| | | 10 | 10 | 3.000 | City mall гифт кард вредност 3000 ден |
| 2 | **25.12.2019** | 1 | 1 | 54.000 | Samsung Note 10 |
| | | 1 | 1 | 46.500 | Notebook HP Pavilion i7 |
| | | 1 | 1 | 25.900 | Hamachi ET A11 GTS pro елект. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | тротинет |
| | | 5 | 5 | 5.000 | City mall гифт кард вредност 5000 ден |
| | | 10 | 10 | 3.000 | City mall гифт кард вредност 3000 ден |
| 3 | **02.01.2020** | 1 | 1 | 54.000 | Samsung Note 10 |
| | | 1 | 1 | 46.500 | Notebook HP Pavilion i7 |
| | | 1 | 1 | 25.900 | Hamachi ET A11 GTS pro елект. тротинет |
| | | 5 | 5 | 5.000 | City mall гифт кард вредност 5000 ден |
| | | 10 | 10 | 3.000 | City mall гифт кард вредност 3000 ден |
| 4 | **08.01.2020** | 1 | 1 | 54.000 | Samsung Note 10 |
| | | 1 | 1 | 46.500 | Notebook HP Pavilion i7 |
| | | 1 | 1 | 25.900 | Hamachi ET A11 GTS pro елект. тротинет |
| | | 5 | 5 | 5.000 | City mall гифт кард вредност 5000 ден |
| | | 10 | 10 | 3.000 | City mall гифт кард вредност 3000 ден |
| 5 | **15.01.2020** | 1 | 1 | 54.000 | Samsung Note 10 |
| | | 1 | 1 | 46.500 | Notebook HP Pavilion i7 |
| | | 1 | 1 | 25.900 | Hamachi ET A11 GTS pro елект. тротинет |
| | | 5 | 5 | 5.000 | City mall гифт кард вредност 5000 ден |
| | | 10 | 10 | 3.000 | City mall гифт кард вредност 3000 ден |
| 6 | **22.01.2020** | 1 | 1 | 1.240.000 | Toyota Corolla HB 5D 1.8 CVT HSD EXECUTIVE 1.8 |

Со секој поединечен код, корисниците учествуваат во извлекување на неделните награди кои ќе бидат доделени за трансакции направени во соодветната седмица. Сите недобитни кодови од неделните извлекувања, ќе учествуваат во извлекување на главната награда.

За извлекувањето на 18.12.2019 година учествуваат направените трансакции во периодот од 09.12.2019 година до 15.12.2019 година до 23:59 часот.
За извлекувањето на 25.12.2019 година учествуваат направените трансакции во периодот од 16.12.2019 година од 00:00 часот до 22.12.2019 година до 23:59 часот.
За извлекувањето на 02.01.2020 година учествуваат направените трансакции во периодот од 23.12.2019 година од 00:00 часот до 29.12.2019 година до 23:59 часот.
За извлекувањето на 08.01.2020 година учествуваат направените трансакции во периодот од 30.12.2019 година од 00:00 часот до 05.01.2020 година до 23:59 часот.
За извлекувањето на 15.01.2020 година учествуваат направените трансакции во периодот од 06.01.2020 година од 00:00 часот до 12.01.2020 година до 23:59 часот.
За извлекувањето на 22.01.2020 година за главната награда учествуваат направените трансакции во периодот 09.12.2019 година до 12.01.2020 година до 23:59 часот, кои не се добитни во неделните извлекувања.

При секое извлекување за секоја награда ќе биде извлечен еден добитник и еден резервен добитник. Секој учесник во Наградната игра може да биде добитник само на една награда во секое неделно извлекување. Ако во текот на неделното извлекување се

случи кој било од учесниците на која било награда да биде извлечен повеќе од еднаш, се продолжува со извлекувањето сè додека сите добитници во тоа извлекување не се различни. Извлекувањето на наградите е конечно.

Добитниците на наградите ќе бидат извлекувани компјутерски, по принципот на случаен избор.

Извлекувањето на сите награди ќе биде јавно, во присуство на комисија составена од тројца официјални претставници, и тоа:

1. Двајца претставници од ОРГАНИЗАТОРОТ,
2. Нотар од Република Северна Македонија.

**Член 15**

**ИЗВЕСТУВАЊЕ И ПОДИГНУВАЊЕ НА НАГРАДИТЕ**

Списокот на добитници ќе биде објавен во рок од 3 (три) дена од денот на секое извлекување на наградите на веб-сајтот www.kb.com.mk, како и на официјалната Facebook страна на ОРГАНИЗАТОРОТ.

ОРГАНИЗАТОРОТ ќе ги извести добитниците за добиената награда преку изводите за картичките, и со писмен допис на последната доставена адреса во Банката. Оние добитници на награди кои се корисници на услугата електронско банкарство од ОРГАНИЗАТОРОТ, ќе бидат известени и преку Интернет банката и/или мобилната апликација мБанка.

Добитниците на наградите се должни во рок од 60 дена од денот на објавување на списокот на добитници, да ги подигнат наградите.

Наградите може да се подигнат секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот на следната адреса:

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА БАНКАРСКИ КАРТИЧКИ
ул. Орце Николов бр.3
1000 Скопје

Добитникот на наградата, чиј поединечен износ подлежи на плаќање на данок на личен доход согласно член 67 од Законот за данок на личен доход, во моментот на подигнувањето на наградата, е должен да достави лични податоци (Име и презиме, ЕМБГ, адреса на живеење) до ОРГАНИЗАТОРОТ на Наградната игра за да се овозможи плаќање на -данок на личендоход од страна на ОРГАНИЗАТОРОТ на Наградната игра.

Согласно член 85 став 11 од Законот за данок на личен доход ОРГАНИЗАТОРОТ на Наградната игра – исплатувач, е должен на добитник на наградата – обврзник, чиј поединечен износ согласно член 67 од истиот подлежи на плаќање на данок на личен доход, да му достави примерок од пресметката за аконтација на данокот на доход при исплатата.

Со конечната реализација на наградите, односно истекот на рокот за подигнување на наградитепрестануваат сите обврски на ОРГАНИЗАТОРОТ на Наградната игра спрема добитниците.

**Член 16**

**ЗАПОЗНАВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ СО ПРАВИЛАТА НА НАГРАДНАТА ИГРА**

Правилата на Наградната игра во целост ќе бидат објавени на веб-сајтот на ОРГАНИЗАТОРОТ www.kb.com.mk, по добивањето на согласност од Министерството за финансии на Република Северна Македонија, а пред почетокот на Наградната игра.

## Член 17

## ПРАВО НА ПРИГОВОР

Незадоволниот учесник во Наградната игра има право во рок од 3 (три) дена од денот на објавување на списокот на добитници да поднесе приговор во писмена форма до ОРГАНИЗАТОРОТ на Наградната игра кој е должен во рок од 3 (три) дена писмено да одговори на добиениот приговор.

## Член 18

## НАЧИНИ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА НАГРАДНАТА ИГРА

За известување за Наградната игра ќе бидат користени следните средства:

1. Рекламни пораки на телевизија,
2. Рекламни пораки на интернет и на социјални мрежи,
3. Рекламни пораки на билборди,
4. Рекламен материјал во трговскиот центар „Скопје Сити Мол",
5. Рекламен материјал поставен во експозитурите и филијалите на ОРГАНИЗАТОРОТ,
6. Рекламни пораки на банкоматите на ОРГАНИЗАТОРОТ,
7. Рекламни пораки на веб-сајтот на ОРГАНИЗАТОРОТ (www.kb.com.mk и www.banka.com.mk),
8. Рекламни пораки на изводите на корисниците на картички,
9. Рекламни пораки на мобилната апликација на ОРГАНИЗАТОРОТ,
10. Рекламни пораки преку електронска пошта.

## Член 19

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Со исполнување на Правилата за учество во Наградната игра корисниците ги прифаќаат одредбите од овие Правила. Овие Правила ќе се применуваат по добивање на согласност од Министерството за финансии на Република Северна Македонија и по нивното јавно објавување, а ќе важат до завршувањето на Наградната игра, односно до завршувањето на рокот за подигнувањето на наградите.

**КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ**
**УПРАВЕН ОДБОР**

**ГЛАВЕН ОПЕРАТИВЕН ДИРЕКТОР**
Илија Илоски

**ГЛАВЕН ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР**
Хари Костов